Број на Службен весник:41/2014
Датум на објава на Службен весник:27.02.2014
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

Член 1

Во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број 51/11 и 148/13), во членот 1 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Државната комисија е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен од Комисијата за хартии од вредност.“

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Член 2

Во членот 2 став (2) зборот „државните“ се заменува со зборот „административни“.

Член 3

Во членот 3 став (2) зборовите: „по пат на јавен конкурс“ се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За именување на претседател и членови на Државната комисија се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку

20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.“

Ставот (3) станува став (4).

Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:

„(5) За претседател на Државната комисија се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правото;

4) има минимум пет години работно искуство на управни работи;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Ставот (5) кој станува став (6) се менува и гласи:

„(6) За член на Државната комисија се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум четири години работно искуство на управни работи;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.“

Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (7) и (8).

Член 4

Претседателот и членовите на Државната комисија именувани до денот на започнувањето на примената на членот 3 од овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Член 5

Одредбите од членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат со отпочнувањето на примената на одредбите од членовите 8, 9, 13 и 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност (“Службен весник на Република Македонија‘‘ број 188/13).

Одредбите од членот 2 од овој закон ќе започнат да се применуваат со отпочнувањето на примената на Законот за административните службеници (“Службен весник на Република Македонија‘‘ број 27/14) и Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија‘‘ број 27/14).

Одредбите од членот 3 од овој закон ќе започне да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.